Барање за понуди
„Mystery Shopping" Услуги – БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ ОКТА

ОКТА АД Скопје

Барање за понуда за

„Mystery Shopping" Услуги – БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ ОКТА

Април 2024

ДОВЕРЛИВО

Сите информации наведени од страна на ОКТА АД Скопје во овој документ и сите негови прилози треба да се сметаат за приватни и доверливи. Нема да се користат за други цели освен за подготовка и доставување на одговор на ова Барање за Понуда и нема да бидат дистрибуирани надвор од вашата организација без претходна писмена согласност од ОКТА АД Скопје.

РЕЧНИК

„ОКТА“ се однесува на ОКТА АД Скопје

„БЗП“ се однесува на Барањето за Понуда за целите на избор на најповолен понудувач за обезбедување на материјалите побарани од страна на ОКТА АД Скопје.

„УЧЕСНИК(-ЦИ)“ се однесува на кое било друштво или група на друштва поканети да достават понуда за набавка на материјалите побарани од страна на ОКТА АД Скопје.

„ПОНУДА“ се однесува на Понуда за побараните материјали или услуги доставена од Учесникот, вклучително Техничката Понуда и Комерцијалната Понуда и останатата документација побарана во БЗП.

„МАТЕРИЈАЛИ“ или „УСЛУГИ“ се однесува на опсегот на се што треба да се испорача согласно Барањето за Понуда.

„АГЕНЦИЈА“ се однесува на најповолниот Учесник, кому ќе му биде доделен Договорот.

„ДОГОВОР“ се однесува на конечниот договор постигнат помеѓу ОКТА АД Скопје и Агенцијата и сите документи приложени кон истиот.

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### 1.1 ОКТА АД Скопје

ОКТА е најголемиот снабдувач со гориво во земјата, што покрива повеќе од две третини од вкупните потреби на пазарот со висококвалитетни производи што ги исполнуваат најсовремените локални и европски стандарди. Основано во 1978 година, друштвото е лидер во областа на трговијата, набавката и дистрибуцијата на нафтени деривати во регионот. Како дел од една од најголемите групации во енергетскиот сектор – Групацијата Хеленик Енерџи, ОКТА постојано воведува меѓународни вештини, иновативни решенија и најнови технолошки трендови.
Малопродажната мрежа на ОКТА се состои од современи бензински станици ширум земјата кои нудат високо квалитетни производи и услуги на крајните потрошувачи.
Во 2018 година, како модерна енергетска компанија, ОКТА го прошири своето портфолио со производство на електрична енергија од обновливи извори, како и снабдување и менаџирање енергија за своите клиенти.

За дополнителни информации за ОКТА Ве молиме следете го линкот:
https://www.okta-elpe.com/

### 1.2 Опсег на БЗП

ОКТА како краен резултат од спроведената тендерска постапка ќе потпише договор за обезбедување на “Mystery Shopping” услуги на повеќе бензински станици низ Република Северна Македонија.

Договорот помеѓу ОКТА и Агенцијата ќе биде склучен за времетраење од **две (2) години**. ОКТА го задржува правото да го продолжи времетраењето на Договорот за една (1) дополнителна година под истите одредби и услови. Информацијата за продолжување на договорот, ОКТА ќе ја достави до Агенцијата не порано од два месеци пред истек на Договорот.

ОКТА ќе го додели Договорот како резултат на евалуација на понудите доставени согласно ова БЗП. Избраната Агенција се согласува дека по прифаќањето на Понудата од страна на ОКТА, Договорот ќе биде потпишан помеѓу ОКТА и избраната Агенција, а документите што го формираат Договорот ќе бидат доставената Понуда, ова БЗП и сите негови прилози.

### 1.3 Официјален јазик

Понудата и целата комуникација во врска со ова БЗП и неговите прилози ќе биде на македонски јазик. Секоја литература што може да ја придружува понудата (на пр. Проспект, Прирачници) треба, исто така, да биде на македонски јазик.

### 1.4 Доставување на информации

### 1.4.1 Потврда за учество и изјава

Учесниците треба да го потврдат своето учество во постапката по ова БЗП не подоцна од 09.04.2024 по е-маил на следниве е-маил адреси: **OktaProcurementDepartment@helpe.gr** и **mmilosheski@helpe.gr**.
Учесниците е потребно да ги наведат името и деталите на лицето за контакт одговорно за целата официјална комуникација во однос на ова БЗП.

- Лице за контакт во ОКТА за технички прашања и организирање на посета во ОКТА: Жаклина Кузманова, – +389 70 248 554

### 1.4.2 Содржина на понуда и рок на достава

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават електронски во **два фолдери**:

**Првиот** фолдер ќе ја носи ознаката **,,КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА„** и треба задолжително да ги содржи следните податоци и документација:

- Единечни цени во ДЕН без вклучен ДДВ согласно табелата наведена во Прилог 2.

**Вториот** фолдер ќе ја носи ознаката **,,ТЕХНИЧКА ПОНУДА„** и треба задолжително да ги содржи следните податоци и документација:

1. Презентација (портфолио) на компанијата;
2. Референтна листа
3. Време на испорака
4. Информација за видот на софтверот што се користи
5. Тековна состојба не постара од 6 месеци
6. Документ издаден од надлежен орган дека понудувачот не е под стечај и ликвидација како и дека не му е изречена мерка забрана за вршење на дејноста (копија не постара од шест месеци заверена од понудувачот);
7. Потврда од Управа за Јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки (копија не постара од 6 месеци);
8. Изјава дека понудувачите ги поседуваат сите неопходни ресурси за извршување на предметната работа
9. Листа на подизведувачи (доколку има) - Окта го задржува правото да ги одобри/одбие подизведувачите;
10. Останата потребна опрема и машини која е вклучена во спецификацијата за тендерот.

**Придружни Документи и Техничка Понуда**

Вториот фолдер треба да биде јасно означен со насловот БЗП „Mystery Shopping“ Услуги – БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ ОКТА, наведувајќи ја содржината „Придружни Документи и Техничка Понуда“ и целосниот назив на Компанијата на Учесникот. Сите учесници ќе ги поделат побараните документи во две подгрупи во плик А , со ознаки:

- - А.1 Придружни Документи и
- - А.2 Техничка Понуда.

### 1.4.3 А.1. Придружни Документи

Документите од групата А.1 ги вклучуваат следните Придружни Документи согласно дефинираниот редослед.

- Репрезентативни Документи:
  1. 1. Тековна состојба на друштвото издадена од страна на Централниот Регистар на РСМ.

- Изјава од страна на законскиот застапник на друштвото во која ќе биде наведено дека:
  1. Детално ги има проучено сите податоци содржани во ова БЗП, како и сите дадени дополнителни податоци кои ќе ги дознае во контекст на ова БЗП, дека е добро запознаен со сите податоци во ова БЗП, како и со локациите во однос на ова БЗП.
  2. Го има проучено договорот испратен со ова БЗП и изразува согласност за потпишување доколку овој тендер биде доделен на учесникот. Доколку учесниците имаат какви било коментари во однос на договорот, треба јасно да ги споменат во пликот А (види долу Техничка Понуда)
  3. Сите податоци содржани во Понудата кои што ги поднесува, како и сите дополнителни податоци кои ќе ги бара ОКТА во контекст на ова БЗП, се точни и вистинити.
  4. Точно ги има проучено одредбите на ова БЗП и ги прифаќа целосно и без резерва.
  5. Прифаќа дека поднесувањето на лажни податоци или неподнесување на потребните податоци претставува причина за дисквалификација на друштвото од тендерот.
  6. Нема правни пречки за работење на друштвото.
  7. Учесникот на тендерот не е во стечај, реорганизација или кој било сличен статус и не е во процес на прогласување на горенаведеното.
  8. На Законскиот застапник и на членовите на органот на управување на Учесникот на тендерот не им е изречена правосилна судска пресуда за кривични дела што се однесуваат на нивното професионално однесување и кои го нарушуваат нивниот кредибилитет.
  9. Потврдува дека Учесникот е целосно способен за обезбедување на сите услуги вклучени во опсегот на тендерот во согласност со бараните стандарди. Учесниците треба експлицитно да ги наведат сите отстапувања од горенаведената изјава.

### 1.4.4 А.2. Техничка Понуда

Документите од групата А.2 ги вклучуваат Техничката Понуда на Учесникот со следните документи како предуслов:

1. Искуство од минимум 5 години во обезбедување на „Mystery shopping” услуги во опсегот на ова БЗП. Овој услов треба да биде поддржан со „Референтна листа“ и минимум 2 „препораки“,
2. Учесниците ќе користат Валиден софтвер/Онлајн платформа. Учесниците ќе вклучат спецификации, презентации на карактеристиките на платформата и сите технички информации релевантни за онлајн платформата.

Во својата понуда, Учесниците ќе вклучат:

- Рокови за доставување на извештаи.
- Рокови за доставување на итни извештаи.
- Референтна листа, од последните пет години, од вашите клиенти од истиот тип на услуги како оние наведени во ова БЗП и минимум 2 препораки.
- Методологија користена од учесниците

Комерцијалната понуда треба да се испрати на OktaProcurementDepartment@helpe.gr задолжително **заштитена со лозинка**. **Лозинката** ќе ви биде дополнително побарана по прием на сите понуди во наведениот рок.
Рок на доставување: **16/04/2024**

**Понудувачот исто така има можност да ја достави Понудата во надворешен коверт со назнака:**

**“НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 2338/24”**

(наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **” ТЕХНИЧКА ПОНУДА “** и називот на понудувачот, и
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Комерцијалната понуда, треба да биде означен со ознаката **“КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА”** и називот на понудувачот.

**Коверт А – Придружни Документи и Техничка Понуда**

Коверт А треба да биде јасно означен со насловот БЗП „Mystery Shopping“ Услуги – БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ ОКТА, наведувајќи ја содржината „Придружни Документи и Техничка Понуда“ и целосниот назив на Компанијата на Учесникот. Сите учесници ќе ги поделат побараните документи во две подгрупи во плик А , со ознаки:

- - А.1 Придружни Документи и
- - А.2 Техничка Понуда.

### 1.4.5 А.1. Придружни Документи

Документите од групата А.1 ги вклучуваат следните Придружни Документи согласно дефинираниот редослед.

- Репрезентативни Документи:
  2. 1. Тековна состојба на друштвото издадена од страна на Централниот Регистар на РСМ.

- Изјава од страна на законскиот застапник на друштвото во која ќе биде наведено дека:
  10. Детално ги има проучено сите податоци содржани во ова БЗП, како и сите дадени дополнителни податоци кои ќе ги дознае во контекст на ова БЗП, дека е добро запознаен со сите податоци во ова БЗП, како и со локациите во однос на ова БЗП.
  11. Го има проучено договорот испратен со ова БЗП и изразува согласност за потпишување доколку овој тендер биде доделен на учесникот. Доколку учесниците имаат какви било коментари во однос на договорот, треба јасно да ги споменат во пликот А (види долу Техничка Понуда)
  12. Сите податоци содржани во Понудата кои што ги поднесува, како и сите дополнителни податоци кои ќе ги бара ОКТА во контекст на ова БЗП, се точни и вистинити.
  13. Точно ги има проучено одредбите на ова БЗП и ги прифаќа целосно и без резерва.
  14. Прифаќа дека поднесувањето на лажни податоци или неподнесување на потребните податоци претставува причина за дисквалификација на друштвото од тендерот.
  15. Нема правни пречки за работење на друштвото.
  16. Учесникот на тендерот не е во стечај, реорганизација или кој било сличен статус и не е во процес на прогласување на горенаведеното.
  17. На Законскиот застапник и на членовите на органот на управување на Учесникот на тендерот не им е изречена правосилна судска пресуда за кривични дела што се однесуваат на нивното професионално однесување и кои го нарушуваат нивниот кредибилитет.
  18. Потврдува дека Учесникот е целосно способен за обезбедување на сите услуги вклучени во опсегот на тендерот во согласност со бараните стандарди. Учесниците треба експлицитно да ги наведат сите отстапувања од горенаведената изјава.

### 1.4.6 А.2. Техничка Понуда

Документите од групата А.2 ги вклучуваат Техничката Понуда на Учесникот со следните документи како предуслов:

3. Искуство од минимум 5 години во обезбедување на „Mystery shopping” услуги во опсегот на ова БЗП. Овој услов треба да биде поддржан со „Референтна листа“ и минимум 2 „препораки“,
4. Учесниците ќе користат Валиден софтвер/Онлајн платформа. Учесниците ќе вклучат спецификации, презентации на карактеристиките на платформата и сите технички информации релевантни за онлајн платформата.

Во својата понуда, Учесниците ќе вклучат:

- Рокови за доставување на извештаи.
- Рокови за доставување на итни извештаи.
- Референтна листа, од последните пет години, од вашите клиенти од истиот тип на услуги како оние наведени во ова БЗП и минимум 2 препораки.
- Методологија користена од учесниците

**Плик Б – Комерцијална Понуда**
Пликот Б треба да биде јасно означен со насловот на ова БЗП „Mystery Shopping“ Услуги – БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ ОКТА, наведувајќи ја содржината („Комерцијална Понуда“) и целосниот назив на Учесникот. Во пликот Б треба да биде содржан Образецот Комерцијална Понуда презентиран во Прилог 2 како „Ценовник за ОКТА Mystery Shopping “ уредно пополнет и потпишан од страна на законскиот застапник на Учесникот на Тендерот со втиснат печат.

**Учесниците разбираат дека бројот на посети прикажани во Прилог 2 се необврзувачки за ОКТА.**

Вкупната договорна цена по посета ќе ги вклучува и сите трошоци што ќе произлезат од општите обврски на Учесникот со цел да се обезбеди навремена испорака и почитување на договорените рокови за доставување, како и кои било други трошоци во врска со имплементацијата на договорот.
Цената по посета ќе биде наведена во ДЕНАРИ без вклучен ДДВ. Данокот ќе биде сносен од страна на ОКТА и ќе биде посебно пресметан и искажан во соодветните фактури.
**(понуди во друга валута нема да се разгледуваат);**

**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или најдоцна до 16.04.2024 год.**

Понудите кои се примени по горенаведената дата нема да се земат во предвид за евалуација и истите, неотворени, ќе бидат вратени на Учесникот.

### 1.4.7 Прашања и Појаснувања

ОКТА има дискреционо право, да обезбеди дополнителни информации на Учесниците, по сопствена иницијатива или по нивно барање.

Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понудувачите можат да ги достават писмено (или по електронска пошта) до лицата за контакт на ОКТА. ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози.

За време на процесот на евалуација на понудата, од понудувачите може да се побара да одговорат на прашања и да дадат дополнителни информации за нивната понуда. Понудувачите ќе треба писмено(или по електронска пошта) да одговорат најдоцна во рок од три (3) работни дена од денот на приемот на прашањето; во спротивно, ОКТА АД го задржува правото да ги одбие понудите на понудувачите кои не одговориле навреме.

ОКТА, по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање.

Овие информации и/или појаснувања ќе бидат доставени на сите Учесници по е-маил и ќе бидат дел од БЗП Документите. ОКТА не е должна да одговара на барањата за појаснување и/или дополнителни информации добиени по горенаведениот краен рок.

## 2. БАРАНИ УСЛУГИ И ОБЕМ

Во Прилог 1 од БЗП е претставена детална техничка спецификација со сите барани услуги.

Бараниот необврзувачки број на посети на бензинските станици е прикажан во Прилог 2 од БЗП, „Ценовник за ОКТА mystery shopping“.

<u>Бараните “Mystery shopping” услуги (наведени во Прилог 1 од БЗП) вклучуваат:</u>

- Извештаи. Целокупната комуникација, вклучувајќи ги сите извештаи, анализи и известувања треба да бидат на англиски јазик.
    1. Пристап до фото материјал од фискалните сметки и посетените санитарни простории од страна на извршените посети
    2. Пристап до резултатите од сите извршени посети - Анализирање на моменталните и минатите резултати во реално време
    3. Широк опсег на збирни извештаи и споредби на податоци од различни кампањи:
        - статистички
        - по датум

- по бензински станици
- по мрежи
- по категории од прашалникот
- друштво
- бран/посета (wave)
- “Custom report builder“ (опфаќање на резултати од аспект на трендови, рангирање, прашања, истражувања, анализа на исклучоци итн.)

4. Сите овие функции се придружени од интерактивната можност на категоризација и избор на разни критериуми:
   - Регион
   - Временска рамка
   - Мрежа
   - Град
   - Станица
5. Excel и PDF формати поддржани за претставување на резултатите.

- Потребна фреквенција на известување:
  - посети со алармантни резултати во рок од 6 часа од посетата
  - останатите посети во рок од максимум 72 часа од посетата
  - на месечна основа за сите БС (до 5-ти во месецот за претходниот месец)
  - на квартална основа (10 дена по завршување на квартал)
  - на годишна основа (10 дена по завршување на годината)

### 2.1.1 Начин на плаќање

Нашите услови на плаќање се „40 дена од датумот на фактурата“, ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.

## 3. РОКОВИ НА ДОСТАВУВАЊЕ И КЛУЧНИ ИНДИКАТОРИ ЗА ЕФИКАСНОСТ (KPIs)

А. Од учесниците се бара да ги наведат Роковите за доставување на известувања и извештаи. Сите наведени рокови треба да бидат во рамките на претходно дефинираните услови за доставување. Во случај на доцнење при доставување, освен поради Виша сила, или друга повреда на договорените услови, ОКТА го задржува правото да примени пенали за Агенцијата, како што следи:

- По првото доцнење - 1% од годишната договорна вредност
- По второто доцнење - 4% од годишната договорна вредност
- Третото доцнење може да се смета како прекршување на договорот и ОКТА го задржува правото да го раскине договорот.

Доколку се примени било каков пенал, износот ќе биде одбиен од идните плаќања кон Агенцијата.

## 4. ВАЖНОСТ НА ПОНУДАТА

Понудата ќе важи шест (6) месеци, почнувајќи од крајниот рок за поднесувањето.

## 5. ПРОЦЕДУРА НА ЕВАЛУАЦИЈА

Сите информации обезбедени од страна на Учесниците ќе бидат третирани како доверливи. Евалуацијата и конечното доделување на Договорот ќе се базира на техничките и финансиските критериуми. Потенцијалните и необврзувачки критериуми за евалуација се наведени подолу:

- Искуство во слични услуги
- Референци
- Онлајн известување/софтвер
- Рокови за доставување (извештаи)
- Согласност со условите во договорот

Во било која фаза од постапката за евалуација, ОКТА го задржува правото да бара појаснување или поднесување на пропуштена или дополнителна документација. Неодговарање во рок од пет (5) работни дена по приемот на писменото известување од ОКТА може да доведе до исклучување од постапката за евалуација.

## 6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР

По одобрување на резултатот од постапката за евалуација од страна на менаџментот на ОКТА, ќе се потпише Договор со Учесникот, кој понудил најдобра техничка и Комерцијална понуда.

ОКТА ќе издаде Писмо за Доделување на Агенцијата. Избраната Агенција е должна да обезбеди Банкарска Гаранција за квалитетно извршување на работите, на износ еднаков на **10% од проценетата годишна Договорна вредност,** која треба да биде доставена во рок од десет дена од склучувањето на Договорот.
Гаранцијата мора да биде валидна три месеци по датата на испорака на последниот извештај и ќе биде соодветно обновена секоја година на денот на годишнината од склучување на договорот.

## 7. ОПШТИ ОДРЕДБИ И УСЛОВИ

i. Гаранција: Секој Учесник на тендерот разбира дека при носењето на одлуката во однос на доделувањето на договорот, ОКТА ќе ги цени исклучиво информациите содржани во нивните Понуди, поради што Учесникот изречно гарантира за точноста и вистинитоста на таквите информации. Покрај овие информации, дополнително, од страна на ОКТА може да биде побарано од секој Учесник на тендерот да достави придружни и потврдни информации, пред доделувањето на договорот.

ii. Пред поднесување на Понуда, секој Учесник на тендерот е одговорен за проверка на сите Документи на ова БЗП. Секој учесник треба да ги земе во предвид сите релевантни закони на државата, правилата и регулативите што може да влијаат на трошокот, напредокот, изведбата и исполнувањето на предложениот договор.

iii. Предлозите и процедурите според ова БЗП и договорот што потоа ќе се потпише ќе бидат регулирани од и толкувани во согласност со законите на државата (РСМ). Секоја разлика, спор или несогласување помеѓу договорните страни што ќе произлезат во било кое време во однос на која било работа поврзана со процедурите на ова БЗП и договорот што ќе се потпише, ќе бидат решавани исклучиво од страна на Основниот Граѓански Суд Скопје.

iv. Учесниците на тендерот мора да ги третираат сите информации што им ги доставила ОКТА како приватни и доверливи и истите нема да може да се користат за цели различни од подготовка на нивните Понуди.

v. ОКТА го задржува правото да направи измени и дополнувања или да го поништи ова БЗП или да издаде ново.

vi. ОКТА го задржува правото да отфрли која било или сите Понуди, воопшто да не склучи договор со Агенција и да не го додели договорот на Учесникот на тендерот кој понудил најниска цена.

vii. По завршување на евалуацијата, ОКТА го задржува правото да преговора со избраните Учесници на тендерот по свое наоѓање и согласно своја фер проценка, со цел да го склучи договорот. Понуда ќе може да биде прифатена, доколку е задоволителна за ОКТА.

viii. По завршување на преговорите, ОКТА во најкраток рок ќе ги извести другите Учесници на тендерот, чии понуди не биле прифатени. Во секој случај, ОКТА не е обврзана да даде никакво образложување за недоделување на договорот на било кој од Учесниците на тендерот.

ix. ОКТА нема да им надомести на Учесниците на тендерот никакви трошоци направени за подготовка на нивните Понуди и за преговарање на Договорот, вклучително какви било посети на ОКТА.

x. ОКТА може, по своја сопствена дискреција, да им обезбеди или да побара дополнителни информации од Учесниците на тендерот, под услов таквите дополнителни информации да бидат испратени до сите Учесници на тендерот во истиот ден. Овие информации и појаснувања издадени од ОКТА ќе се сметаат дека се составен дел од Документите на ова БЗП и нивните Понуди.

xi. ОКТА ќе се потруди да им одговори во најкраток рок на Учесниците на тендерот, но какво било доцнење нема да се смета како причина за продолжување на датата на поднесување на нивните Понуди.

xii. Дополнителни информации/појаснувања за понудите, вклучително поднесување на примероци од претходни проекти, или презентација може да се побара од Учесниците на тендерот. Сите релевантни трошоци (транспорт, посета на локацијата, итн.) ќе ги покрие учесникот.

xiii. Учесниците на тендерот се информирани дека од нив може да се бара да ја продолжат важноста на нивните Понуди за дополнителни три (3) месеци, на свој сопствен трошок.

xiv. Учесниците на тендерот ќе применат разумно внимание со цел да спречат конфликт со интересите на ОКТА и ќе ги почитуваат соодветните деловни стандарди и етика.

xv. Прифаќањето од страна на ОКТА на Понудата поднесена од Учесникот на тендерот ќе создаде неотповиклива обврска за Учесникот на тендерот, веднаш по датата на прифаќање, да го склучи предложениот договор, согласно одредбите наведени во овој документ. Понудата ќе се смета за прифатена кога ќе се достави Писмо за прифаќање до Учесникот на тендерот. Датумот на испраќање на допис што го соопштува прифаќањето ќе се смета дека е датум на прифаќање на Понудата.

xvi. Мора да се почитуваат сите технички регулативи и стандарди.

xvii. Мора строго да се следат сите безбедносни регулативи предвидени со Закон.

xviii. Сите одобренија и дозволи од страна на Надлежните Органи што се неопходни за исполнување на договорот со ОКТА мора да бидат опишани во Понудата како и неопходните активности (вклучително траењето и трошоците) за нивно постигнување.

xix. Сите неопходни одобренија од страна на Надлежните Органи треба да бидат добиени навремено од страна на Учесникот на тендерот со цел да не биде доведен во опасност временскиот распоред и ОКТА мора да биде информирана за сите неопходни одобренија.

xx. Сите барања **во БЗП треба да бидат исполнети**. Непочитување на ова може да доведе до одбивање на Учесникот на тендерот.

xxi. ОКТА го задржува правото:

- да го одложи, стави во мирување, прошири или поништи ова БЗП во која било фаза од постапката, или да го повтори БЗП, по своја исклучива дискреција, без да биде должна да понесе било каква одговорност спрема Учесниците и/или кои било трети страни.
- да изврши измени и дополнувања на ова БЗП во која било фаза од постапката. Секоја измена или дополнување ќе биде соопштена во писмена форма на сите Учесници и ќе биде дел од БЗП Документот.
- да ја одбие секоја понуда што не е во согласност со одредбите и условите на ова БЗП.

- да ја одбие секоја понуда добиена по рокот за поднесување и да ја врати неотворена на Учесникот.

**АНЕКСИ**

Следните анекси се приложени кон ова БЗП:

1. Прилог 1 – Техничка Спецификација
2. Прилог 2 – Комерцијална Понуда „Ценовник за ОКТА mystery shopping“
3. Прилог 3 – Договор

Раководител на набавки
Мартин Милошески